# „Молк за…“

## Младински културен центар – галерија

**22 април – 4 мај 2019**

Проектот „Поместени граници“ се стреми кон надминување на вообичаениот модерен приказ во ликовната уметност со тоа што додавајќи му концепт на делото којшто говори преку една можеби препознатлива идеја, прави обид, а тоа е, всушност, и една од основните цели, да ѝ ги претстави и да ѝ ги доближи на поширокaта публика новите аспекти на уметничкото истражување на различни начини и медиуми. Овој проект има концептуален карактер, што значи дека се занимава со: промислување, преиспитување, анализирање, критикување, лично видување и/или чувствување на стварноста на нашето живеење.

Годинава овој проект тематски се реализира под насловот: **„Молк за...“**.

Со ваквата тематска определба, оваа изложба настојува да нѐ соочи со неколку различни пристапи на уметниците кон повеќе аспекти на сѐ посложеното секојдневие и живеење. Нивната сложеност се доживува, пред сѐ, како и заради стандардите и вредностите кои сѐ побрзо исчезнуваат, а оние новите, сменети и изместени, како сѐ уште да не успеваат да го поедностават тоа исто секојдневие. Дополнително, ваквата сложеност е обременета и со сите оние долго најавувани, предвидувани и ветувани, но неостварени очекувања од промените кои завршуваат во своевидни видливи и невидливи парадокси.

Така, оваа и ваква состојба се должи на повеќе причини, а особено на асоцијациите и споредбите на веќе изминатите општествени уредувања со навлегувањето во новите, никогаш до крај определени рамки на идното уредување. Тоа во овој период до некаде ја создава, но и претставува состојбата на неизвесност, на чувство на загуба или, пак, надеж за подобра иднина.

Проблемите кои долги години го исцрпуваат нашето општество (а истото се однесува и на поширокиот регион околу нас), несомнено оставаат сериозни и болни траги. Таквите траги во една насока создаваат нужност од отворено противење, а во друга потреба за внатрешно повлекување, но и двете покажуваат неодложност од и за промена на таквата состојба, токму заради сѐ поголемата свесност дека и „молкот за...“ не ги решава ваквите состојби. Критиката на и критичкиот однос кон таквата состојба е местото од каде што уметноста го црпи својот мотив и својот творечки поттик.

Затоа, силината на уметничкото дело која е потребна да се критикува „молкот за...“ ќе ја видиме на оваа изложба преку делата кои претставуваат манифестација токму на секојдневниот живот. Иако, во меѓувреме, како да станавме имуни на она што нѐ прави тажни, несреќни, напуштени, задушени, манипулирани и што толку многу нѐ (на)прави фрагилни што тие чувства и состојби и нашиот однос кон нив, едновремено и напротив, се преточуваат во инспирација за секој сегмент од живеењето спакувани во едно уменичко дело. Делата произлезени од тоа претставуваат силен вресок, вресок за живот, вресок за здив, вресок за ... вресок против молкот, против „молкот за...“.

На оваа изложба се поканети да учествуваат автори кои преку своето дело отворено го искажуваат своето мислење и своите ставови врзани за ваквите состојби и тоа многу јасно, прецизно и отворено, интуитивно и инстинктивно, па дури и грубо, преку својата уметничка експликативност. Токму поради тоа што критичкиот став го пронаоѓам во нивните дела, за мене беше огромен предизвик да ги поканам токму авторите: ОПА, Андреј Митевски, Моника Мотеска, Софиа Григориаду (Грција), Никола Узуновски, Ремијон Проња (Албанија), Антонио Пирковски и Лени фон Гелева, Зорица Зафировска и Нехат Беќири. Овие уметници, преку темата „Молк за...“, даваат една глобална, сеопфатна, безгранична претстава за заедничките страдања,

но и за заедничките напори во изнаоѓањето на решенија со тоа што ги поентираат причините. Различностите, но и сличностите во културите, на оваа изложба имаат повеќе заеднички моменти, кои ги поврзуваат, сплотуваат, соединуваат во овој напор – во напорот за изнаоѓање на заеднички решенија за промени на тековните состојби.

Уметниците кои ја прифатија поканата за учество на изложбата „Молк за...“ се автори кои покажаа особено големо меѓусебно разбирање, заедничка соработка и продуктивен дијалог при подготовките. Силниот интеркултурен дијалог (како потреба и како нужност) којшто ни ја враќа вербата, сметам дека ќе биде забележан на оваа изложба како своевидно заедничко „одмолкнување“.

*Александра Зиновски – Вилиќ*

